АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 21-12-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5625 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** од 6 до 12 ноември 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 декември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално–инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7.00 до 19.00 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**
   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван од 6 до 12 ноември 2017 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на член 92 ставови 4 и 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 10 часа 9 минути и 16 секунди музика;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 4 часа 43 минути и 17 секунди, а забавната музика со 5 часа 25 минути и 59 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 8 часа 51 минута и 8 секунди инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, од кои 4 часа 28 минути и 14 секунди народна и 4 часа 22 минути и 54 секунди забавна музика.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***